Life
WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-7682/1
18 12 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, член 163 став 1, точка 10 од Законот за супервизија на осигурувањето, член 2 точка 12 и член 3 точка 12 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и член 32 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Управниот одбор на Друштвото на својата 42ра редовна седница на 18.12.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за воведување нов производ „Групно Ризико осигурување за потрошувачки кредити со еднократна уплата на премија и опаѓачка осигурителна сума", усвојување посебни услови за групно осигурување со еднократно плаќање на премија (WLR5-1/2023) и усвојување Технички бизнис план на производот**

**Член 1**

Се усвојува одлуката на Управниот одбор на Друштвото за воведување на производот „Групно Ризико осигурување за потрошувачки кредити со еднократна уплата на премија и опаѓачка осигурителна сума" како нов производ на животно осигурување.

**Член 2**

Се усвојуваат посебните услови за групно осигурување со еднократно плаќање на премија (WLR5-1/2023).

**Член 3**

Се усвојува Технички бизнис план за производот од став 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Производот од став 1 на оваа Одлука претставува осигурување на живот во врска со потрошувачки кредити со еднократно плаќање на премија и опаѓачка осигурителна сума.

**Член 5**

Техничкиот бизнис план на производот од член 1 на оваа Одлука и Посебните услови за групно осигурување со еднократно плаќање на премија (WLR5-1/2023) се составен дел на оваа Одлука.

**Член 6**

Техничкиот бизнис план на производот од член 1 и Посебните услови за животно осигурување од член 2 на оваа Одлука, заедно со оваа Одлука, ќе бидат доставени до Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето.

Life WINNER VIENNA INSURANCE GROUP

**Образложение**

Управниот одбор на Друштвото одлучи да воведе нов производ „Групно Ризико осигурување за потрошувачки кредити со еднократна уплата на премија и опаѓачка осигурителна сума" кој претставува осигурување на живот во врска со потрошувачки кредити со еднократна уплата на премија. Воведувањето на овој производ е со цел да се понуди нов продукт на клиентот, Шпаркасе Банка АД Скопје, согласно неговите потреби.

Согласно членот 163 на Законот за супервизија на осигурување Друштвото за осигурување е должно во случај на воведување нов производ за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување, најдоцна во рок од 5 дена од усвојувањето на Одлуката, а согласно одредбите на *Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување,* Друштвото е должно, заедно со Одлуката, до Агенцијата да достави и пречистени текстови на условите на осигурување и техничките основи кои се користени за нивно утврдување. Во таа насока, а во согласност со своите законски и статутарни овластувања, Управниот одбор на Друштвото одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп Скопје**
Претседател на управен одбор

Дарко Дедиќ

Член на управен одбор

Елена Јакимовска Петровска

Член на управен одбор

Милан Антовски